Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 16, 16 февруари 2009 година

февруари 2009 година
Штип

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев” – Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, дипл. правник Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ*** за избор на наставник по предметот Менаџмент на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 5

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *микробиологија* на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 9

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент / асистент за наставно-научната област *микробиологија* на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 20

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во звање доцент за наставно-научната област *оркестрација* на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 22

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно-стручно звање – виш лектор по англиски јазик на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 25

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник (асистент/помлад асистент) од областа на македонскиот јазик на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 31

**РЕФЕРАТ*** за избор на наставник во сите звања на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 33

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент во научната област *туризам* на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 36

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник - асистент за групата предмети од електротехника на Електротехничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 40

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за групата предмети од комуникациски вештини и медицинска етика на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 43

**РЕФЕРАТ** за избор на соработници во звање помлад асистент за фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 47

**РЕФЕРАТ** за избор на предавач на Високата здравствена школа при Факултетот за медицински науки во состав на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 51

**РЕФЕРАТ** за избор наставник во сите наставно-научни звања на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ...................... 54

**РЕФЕРАТ** за избор на еден насловен вонреден професор на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ............................ 67

**РЕФЕРАТ** за избор на еден насловен доцент на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........................................................ 77

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник (асистент / помлад асистент) од областа на македонската книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип .............................................................................. 85

**РЕФЕРАТ** за избор на соработници помлади асистенти/асистенти по групата предмети од областа на правните науки на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип .................................................... 88

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИЦИ ПОМЛАДИ АСИСТЕНТИ/АСИСТЕНТИ ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ПРАВНИТЕ НАУКИ НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

Наставно-научниот совет на Правниот факултетот при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, на седницата одржана на 16.1.2009 година, донесе Одлука бр. 1682-83 за формирање на Рецензентска комисија за избор на двајца соработници – помлади асистенти, по група предмети од областа на ***правните науки*** на Правниот факултет во состав:

1. д-р Стеван Алексоски – редовен професор (претседател),
2. д-р Љупчо Блажевски - доцент (член),
3. д-р Војо Беловски - доцент (член).

Рецензентската комисија, по разгледувањето на приложените материјали и преземените активности, согласно со Законот за високото образование и актите на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, на Наставно-научниот совет на Правниот факултет му го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На распишаниот Конкурс, објавен во весникот „Дневник“ на 13.12.2008 година, за избор на двајца соработници помлади асистенти/асистенти на Правниот факултет по група предмети за наставно-научното подрачје *правни науки* се пријавија четворица кандидати и тоа: Сузана Нешкова, м-р Панче Петровски, м-р Дејан Маролов и м-р Владимир Митревски.

Врз основа на Законот за високото образование и Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, Рецензентската комисија ги разгледа пристигнатите документи и констатира дека кандидатите ја доставија својата пријава со потребните документи во предвидениот рок, утврден во Конкурсот.

***Биографски податоци***

Кандидатката **Сузана Нешкова** е родена на 9 август 1984 година во Штип. Природно-математичка гимназија завршува во 2002 година во Штип. Дипломира на 9.10.2006 година на Правниот факултет во Скопје, на група Граѓанско право. По дипломирањето се запишува на постдипломски студии на деловно право, каде положува пет испити, што може да се констатира од Уверението за положени испити - прв семестар, што е издадено од Правниот факултет во Скопје.

Моментално е приправник во адвокатска канцеларија во Штип. Го познава англискиот јазик, за што има доставено диплома за завршен курс по англиски јазик, издадена од Полипроект - Штип.

Согласно со Законот за високото образование, кандидатката не ги исполнува формалните услови за избор во соработник - помлад асистент, затоа што сè уште не се стекнала со академски степен магистер по правни науки, што како услов беше предвидено во објавениот Конкурс.

Кандидатот **м-р Панче Петровски** е роден на 26 август 1981 година во Штип, каде во 2000 година завршува средно образование. Своето образование го продолжува во Југозападниот универзитет во Благоевград, каде што дипломира на 8.7.2004 година и се стекнува со стручен назив *дипломиран комуниколог со јавност*. Во 2004 година се запишува на истиот Универзитет во Благоевград на постдипломските студии по јавна

администрација специјалност - даночна администрација и магистрира на 21.10.2006 година, со што се стекнува со академски степен *магистер по јавна администрација*.

Има доставено копија на Одлука за верификација (признавање на високообразозовна класификација стекната во странство), но истата не е заверена на нотар. Нема доставено оригинална диплома за стекнат академски степен магистер по јавна администрација. Има доставено незаверена копија од потврда за познавање на англискиот јазик и незаверена копија на диплома за завршен курс по канцелариско работење со компјутери.

Моментално работи во АД „Макпромет“, Сектор книговодство и комерција.

Кандидатот **м-р Дејан Маролов** е роден на 29 октомври 1983 година во Штип, каде завршува средно образование. По завршувањето на средното образование во 2003 година се запишува на Универзитет - ФОН во Скопје, на Факултетот за правни науки, насока Европско право и право на ЕУ, каде дипломира на 13.7.2007 година, со што се стекнува со звање *дипломиран правник.* Истата година се запишува на постдипломски студии на Европскиот институт за високи меѓународни студии во Ница (Франција), каде што на 18 јули 2008 година се стекнува со академско звање *магистер по напредни европски и меѓународни студии.*

Кандидатот м-р Дејан Маролов има доставено незаверена копија од Одлука за признавање на високообразовна квалификација стекната во странство, издадена од Министерството за образование и наука, со што му се признава академскиот степен магистер по европски и меѓународни студии. Кандидатот има доставено копија од дипломата, заверена кај нотар, издадена од Меѓународниот центар за европско образование во Ница, од која се констатира дека кандидатот Дејан Маролов е прогласен за магистер по напредни и меѓународни студии (со добар просек на студии од 14,50/20). Исто така, кандидатот има доставено незаверена копија од странски сертификат за активно познавање на англиски јазик во Кралско школо во Оксфорд.

Кандидатот **м-р Владимир Митревски** е роден на 22 април 1979 година во Скопје, каде го завршува средното образование. Во 1997 година се запишува на Правниот факултет во Скопје. На 23.6.2000 година го завршува полагањето на пропишаните испити со просечен успех 9,7 и се стекнува со стручен назив *дипломиран правник*. Во 2004 година се запишува на постдипломски магистерски студии на Правниот факултет во Амстердам, Холандија, каде до 2006 година ги положува предвидените испити и на 21.11.2007 година се стекнува со академски степен магистер по правни науки од областа на деловното право на Европска унија.

Кандидатот има доставено заверена копија од дипломата за завршени постдипломски магистерски студии и заверена Одлука за признавање на високообразовна квалификација стекната во странство, издадена од Министерството за образование и наука на Р. Македонија.

Кандидатот м-р Владимир Митревски исто така има специјализација од областа на меѓународното трговско право во Торино (Италија) и има приложено TOEFL сертификат за познавање на англиски јазик. Во 2007 година станува член на извршниот одбор на Македонскиот демократски форум (Здружение на поранешни практиканти на парламентот на Р. Македонија). Има искуство како проект-координатор,

Моментално е претседател на Комората за избор на проекти на здружение на граѓани при Министерството за култура. Работи во адвокатска канцеларија.

Кандидатот м-р Владимир Митревски во 2005 година учествува на конференција за новите тенденции во трговското право во организација на Правниот факултет во Крагуевац. Исто така, учествува во летниот курс во Трир (Германија) во 2006 и 2007 година и зема активно учество на научната конференција во Трир (Германија) на Европските академии за

европско право. Истата година 2007 година учествува на летниот семинар на Приватната академија за меѓународно право - Хаг (Холандија). Покрај активното познавање на англискиот јазик, обучен е во работа со компјутери, а на специјализацијата од областа на трговското право во Торино го совладува и солидно го владее и италијанскиот јазик.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложените материјали и биографиите на пријавените кандидати, утврдувајќи ја подобноста на кандидатите, стекнатите академски звања и научноистражувачката активност на пријавените кандидати, согласно со Законот и условите предвидени со објавениот Конкурс за избор на двајца соработници на Правниот факултет за група предмети од наставно-научното подрачје *правни науки*, Комисијата констатира дека условите предвидени со Законот за високото образование во целост не ги исполнува кандидатката Сузана Нешкова.

Според научниот интерес и стекнатиот академски степен магистер од областа на јавната администрација, Комисијата не го препорачува за соработник на група предмети од областа на правото ниту кандидатот м-р Панче Петровски.

Од пријавените кандидати за избор на соработници - помлади асистенти на група предмети од областа на правните науки, Комисијата на Наставно-научниот совет на Правиот факултет им ги предложува кандидатите м-р Владимир Митревски и м-р Дејан Маролов. Релевантноста на оваа констатација на Комисијата во експлицитна форма може да се аргументира со следниве индикатори.

Кандидатот м-р Владимир Митревски е магистер по правни науки од областа на деловно право на Европска унија, дипломиран правник со просек 9,7, кој се стекнува со специјализација по трговско право и активно учествува во поголем број конференции и летни семинари од областа на трговското и европското право. Со својот беспрекорен работен ангажман на проекти, како проект-координатор, како претседател на Комората за избор на проекти на здружение на граѓани и работното искуство како адвокат, се промовира себеси во личност која во себе подеднакво инкорпорира практичар, истражувач и научник, чиј интерес е пред сè трговското и европското деловно право.

Покрај научните и стручните сознанија што ги има кандидатот, во својата работна средина ги докажува и неговите квалитети за комуникација, тимска работа и имплементција на современите европски текови во областа на правните науки.

Кандидатот м-р Дејан Маролов се стекнува со академскиот степен магистер по напредни европски и меѓународни студии. Кандидатот има компетенции од областа на политичките науки, односно неговиот научен интерес е пред сè во сферата на европските интеграции и меѓународните односи; оспособен е за анализа на политичките, културните и општествените трансформации во меѓународните односи. Иако тој не е магистер од областа на правото, сепак сметаме дека неговото натамошно образование во третиот циклус и неговиот научен ангажман ќе бидат претежно од областа на меѓународното јавно право и евроинтеграциите. Согласно со нашата студиска програма и овој кандидат може успешно да се вклучи како соработник-помлад асистент на група предмети од областа на правно-политичките науки.

Земајќи го предвид академскиот степен (соодветната магистратура), широкиот дијапазон на интереси, впечатокот за исклучителноста на нивните интелектуални капацитети е неоспорен.

Поради наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, за соработници на Правниот факултет по група предмети за наставно-научното подрачје *правни науки*, како помлади асистенти да ги избере кандидатите **м-р Владимир Митревски** и **м-р Дејан Маролов**, согласно со објавениот Конкурс.

**Рецензентска комисија**

**Д-р Стеван Алексоски, редовен професор, претседател, с.р.**

**Д-р Љупчо Блажевски, доцент, член, с.р.**

**Д-р Војо Беловски, доцент, член, с.р.**